ООУ „ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ“

Р.С. Македонија, 1442, Демир Капија, тел/факс:043/366 202
email:gaberot_dkapija@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно Училиште
ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ
Бр. 08-163/1
02.10. 2024 год.
Демир Капија

Врз основа на член 68, став 8 од Законот за основно образование ( Сл. весник на Р.С.М. ) ООУ„ Димче А. Габерот‘‘ од Демир Капија објавува

# ПОВИК

## ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ И ЗАМЕНИЦИ НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Ученички правобранител е ученик што ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има за обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамки на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во и надвор од училиштето ( училишен кадар и Народен правобранител).

## УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Право на пријавување за функцијата ученички правобранител имаат учениците од VII, VIII или IX одделение.

Право на пријавување за функцијата заменик на ученички правобранител имаат учениците од VI, VII и VIII одделение.

## НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Документи за пријавување: пријава и мотивационо писмо

Заинтересираните кандидати можат да подигнат пријава во педагошко психолошката служба во училиштето. Мотивационото писмо се доставува во слободна форма. Пополнетата пријава и мотивационото писмо кандидатите ги доставуваат во педагошко психолошката служба во училиштето.

Краен рок за поднесување на документите е 09.10.2024 – петок .

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Ибор на ученички правобранител и негови заменици вршат учениците од VII до IX одд според следните критериуми:

- Пол
- Возраст

О.О.У. „Димче Ангелов - Габерот"
Демир Капија

*ООУ „ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ"*

Р.С. Македонија, 1442, Демир Капија, тел/факс:043/366 202
email:gaberot_dkapija@yahoo.com

- Основно познавање на детските права
- Комуникациски и организациони способности
- Етничка припадност
- Претходно искуство, односно вклученост во воннаставни активности

**ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ на ученичкиот правобранител и неговите заменици:**

- Учество во воведна обука за улогата и обврските на ученичкиот правобранител организирана од страна на тимот за поддршка на ученичко очество.
- Промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни врснички работилници и информативни настани.
- Прибирање на претставки – поплаки од учениците (препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита за почитување на детските права).
- Редовна комуникација и координација со педагошко – психолошката служба.
- Мандатот на избраниот ученички правобранители неговите заменици е 2 (две) учебни години (доколку избраниот ученички правобранител е одд, неговиот мандат е една учебна година).

Лице за контакт: Роска Ковацалиева – училишен психолог

Директор

Менче Николова